ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-278/11**

**Дата:** 23.09.2014

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст Министерството) на сметката за основниот буџет (637) за 2013 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за 2010 година, при што овластениот државен ревизор не изрази мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, изрази позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Во јануари 2012 година извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на Министерството за 2010 година за оваа сметка, при што се констатира дека Министерството делумно презело мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Министерството за 2013 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, мислење со резерва за билансот на приходи и расходи и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за 2013 година констатирано е дека:

- воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на ефикасност и сигурност за да спречи ризик од несоодветно постапување со документите и несоодветно и комплетно презентирање на податоците во деловните книги;
- надлежните органи и лица не ги преземале потребните активности за донесување на подзаконските акти утврдени во поодделните закони;

- пописот на средствата и обврските не е извршен во целост;
- не е воспоставена целосна евиденција на материјалните средства, за дел од истите не се обезбедени веродостојни документи и неправилно е пресметана амортизацијата;
- евидентирањето на обврските е неажурно и нецелосно;
- за издаденото државно земјиште под закуп не е воспоставена уредна и точна евиденција и не е воспоставена сметководствена евиденција на побарувањата по основ на закуп на земјоделско земјиште;
- користењето на службен мобилен телефон и расходите извршени за оваа намена се пропратени со одредени неправилности;
- користењето на службените моторни возила и расходите извршени за оваа намена (нафтени деривати) се пропратени со одредени неправилности;
- утврдени се неправилности при извршување на програмите за: фитосанитарна политика, семе и саден материјал и проширена репродукција на шумите за 2013 година;
- при доделувањето на дел од договорите за јавни набавки и набавките за кои е пропишан полиберален пристап не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки.

Во исто време известуваме дека утврдивме одредени системски слабости за кои надлежните органи во наредниот период потребно е да преземат мерки за надминување на истите и воедно извршивме обелоденување на неколку состојби кои имаат влијание во понатамошното работење на министерството.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Законскиот застапник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 01.09.2014 година достави забелешки по нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметката на основен буџет (637), кои по својата содржина преставуваат известување за преземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 36 до 38 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Министерството, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2013 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година на Министерството, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, изрази позитивно мислење за билансот на приходи и расходи, а за законското и наменското трошење на средствата дадено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Љупчо Димовски – министер, потписник од 22.09.2011 година;
- Зоран Коњановски – заменик министер, потписник од 22.09.2011 година;
- Бесир Јашари – државен секретар, потписник од 22.09.2011 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање

ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерството се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2014 до 23.05.2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2010 година - спроведување на препораките

Во јануари 2012 година извршена е ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2010 година и издаден е извештај бр.34-81/2 од 01.02.2012 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Министерството делумно презело мерки за дадените препораки.

Препораките кои беа неспроведени/делумно спроведени или пак во тек беа опфатени со тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги опфаќа овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството– предмет на ревизија, одржан на ден 28 мај 2014 година.

Законскиот застапник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 01.09.2014 година достави забелешки по нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметката на основен буџет (637).

Забелешките се разгледани и истите по својата содржина преставуваат известување за преземените мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. За воспоставување на систем на интерни контроли за процесот на безготовинското и готовинското плаќање, од страна на министерот донесен е акт Процедури за текот на движење на финансиската документација, начинот на контрола и реализација во рамките на Министерството број 26-9589/1 од 12.10.2011 година. Исто така, донесени се и други интерни акти со кои се уредува правото и начинот на користењето на буџетските средства во делот на репрезентацијата и користењето на службените моторни возила, како и потврдувањето и одобрувањето на направените трошоци по тој основ.

Врз основа на извршеното снимање и проверка на функционирањето на системот на интерни контроли во Министерството, ревизијата констатира дека воспоставените контроли не обезбедуваат доволно ниво на ефикасност и сигурност за да спречат ризик од некомплетност, ненавременост и неосновани плаќања по основ на применатa финансиска документација. Во известувачкиот период утврдени се следниве состојби:

- во Секторот за финансиски прашања не се пополнети раководните места раководители на одделенија, раководител на сектор и во исто време постои недоволна потполнетост на работните места предвидени со интерниот акт за систематизираните работни места;
- не се јасно дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите на вработените од Секторот за финансиски прашања во Министерството и лицата од Службата за општи и заеднички работи (во натамошниот текст СОЗР) вклучени во процесот на плаќање и сметководствената евиденција, ангажирани согласно договор[1];
- во Министерството нема назначено одговорен сметководител;
- процедурите за одобрување и плаќање на фактурите не се усогласени со одредбите од Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси[2]. Во известувачкиот период од страна на министерот преземени се мерки во насока на воведување на обрасци согласно Правилникот кои не биле целосно применети при набавките и плаќањата во известувачкиот период;
- воспоставена е пракса, раководителите на секторите и раководителите на органите во состав на Министерството, да номинираат лица за потврдување дека работата е завршена со авторизација на финансиските документи, а само на дел од овие лица им се дадени овластувања за преземање на финансиски обврски од страна на министерот;
- пропишаните процедури не предвидуваат следење на реализацијата на склучените договори за јавна набавка и во исто време не е воспоставена пракса добавувачите во доставените фактури да го наведуваат бројот на договорот врз основа на кој се врши набавката;
- согласно Процедурата уредено е финансиската документација да се заведе во деловодната книга со архивски број и датум и достави во одделението за сметководство и плаќање, откако ќе се завршат сите чекори на одобрување, ликвидирање и авторизирање, за што е потребно соодветен временски период од денот на нивниот прием и нивното евидентирање. Во исто време не е предвидено потпишување во интерна доставна книга во целиот тек на движење на документацијата;

[1] Со СОЗР склучен е договор број 02-1404/1 од 16.01.2013 година за вршење општи и заеднички работи и услуги за 2013 година за потребите на министерството и на органите во состав на министерството, со кој меѓудругото е уредено и вршење на сметководствено-финансиски работи и услуги на писарница.
[2] Службен весник на Република Македонија број 147/10, 34/11.

- кон фактурите не секогаш е приложена поткрепувачка документација и докази за извршена контрола и потврдување на приемот на набавените стоки и услуги;
- дел од фактурите не се соодветно архивски заверени и не се авторизирани со сите потписи предвидени со процедурите или се авторизирани од лица кои не се овластени за преземање на финансиски обврски;
- влезните фактури не се евидентираат и приложуваат кон налогот за книжење во моментот на настанување на обврската, туку се евидентираат и приложуваат во деловните книги во моментот на нивното плаќање, а новосоздадените обврски кои се плаќаат во тековната година директно се искажуваат како расход без да се евидентираат преку сметката активни временски разграничувања;
- во книгата за влезна финансиска документација не е обезбедено комплетно, хронолошко и ажурно евидентирање на влезните фактури и истата не е усогласена со сметководствената евиденција.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијаат на зголемување на ризикот од несоодветно постапување со документите што претставуваат основа за евидентирање на трансакциите во деловните книги, како и несоодветно и некомплетно презентирање на податоците во деловните книги и финансиските извештаи и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Во текот на вршење на ревизијата преземени се одредени мерки за надминување на дел од утврдените состојби и тоа:

- донесен е нов интерен акт, Процедури за текот на движење на финансиската документација, начинот на контрола и реализација во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство број 02-4978/1 од 10.06.2014 година и
- донесени се неколку решенија за овластување на државен службеник, со што одредени вработени во секторите и органите во состав на Министерството, се овластуваат да водат евиденција и да ја следат реализацијата на финансиските средства од соодветните програми кои се реализираат преку Министерството, односно од буџетот по основ на склучени договори за стоки, услуги или работи.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за:

- континуирано преиспитување и усогласување на пропишаните контролни постапки и осигури нивна примена;
- јасно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените и ангажираните лица;

- давање на овластување на лица кои ќе бидат одговорни за преземање на финансиски обврски;
- назначување раководни лица во секторот за финансиски прашања и одговорен сметководител и истите да ги задолжи да обезбедат навремено, хронолошко и точно евидентирање на финансиските документи во деловните книги.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со одредбите од Законот за организација и работа на органите на државната управа и другите закони, уредено е Министерството да ги врши работите што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството. Извршувањето на овие работи е регулирано со обемна и комплексна законска и подзаконска регулатива. За потврдување на преземените активности (донесување на подзаконските акти) од страна на надлежните органи, ревизијата изготви прашалници за секој закон поединечно, кои беа одговорени од надлежните лица во Министерството. Со спроведената детална анализа на одговорените прашалници утврдено е дека, иако од страна на надлежните органи се донесени многубројни подзаконски акти и прописи, сепак постојат отстапувања во однос на значајните законски одредби и не се донесени одредени подзаконски акти, чија цел е поблиску да ги уредат одредбите од законската регулатива. Во Прилог број 1, составен дел на извештајот даден е приказ на утврдените позначајни неусогласености со законите и прописите.

Непостапувањето согласно одредбите од законската регулатива и отсуството на подзаконски акти кои поблиску ја уредуваат истата, претставуваат ризик одредени активности од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството да не бидат целосно уредени а со самото тоа и оневозможување на нивна целосна имплементација.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да преземат активности за изработка и донесување на подзаконски акти од страна на надлежните лица/органи.

## 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Од страна на Комисијата за попис, извршен е попис на средствата и обврските во Министерството и неговите подрачни единици со состојба 31 декември 2013 година, издаден е Извештај за извршениот годишен попис за 2013 година и истиот со решение е усвоен од страна на министерот.

По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата ја утврди следната состојба:

- не е извршен попис и сметководствено усогласување на нематеријалните средства, градежните објекти, слики, материјалните средства во подготовка, други парични средства (кредитна картица), побарувања од вработени и побарувања од правни субјекти по основ на отплата на кредит во нивно име, што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- од страна на одговорните лица не се доставени докази за спроведен попис на книгите, што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- Комисијата за попис податоците за опремата ги внела во пописните листи поединечно со натурални показатели, но не и со парични вредности што не е во согласност со член 31 и член 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- иако во Извештајот од извршениот попис наведени се обврските на Министерството со состојба на 31 декември 2013 година, за истите не е презентирана спецификација како основа за вршење на пописот, во која се евидентираат поединечните обврски, нивната староснa структура и причините за постоење на неподмирени обврски спрема добавувачите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- по извршениот попис на крајот на годината, Комисијата за попис не утврдила разлики (кусоци или вишоци), поради што ревизијата не се увери дека е извршено усогласување на состојбата на средствата и обврските искажани во сметководството со нивната фактичка состојба утврдена со попис.

Кон овие состојби се надоврзува и забелешката од страна на Комисијата за попис, истакната во Извештајот од извршениот попис, која се однесува на нецелосно спроведениот делбен биланс помеѓу Министерството и Агенцијата за храна и ветеринарство (правен следбеник на поранешната Управа за ветеринарство од 2011 година), поради што во пописните листи на Министерството се уште постојат средства на Агенцијата.

Во јуни 2014 година од страна на надлежно лице во Министерството донесени се решенија за формирање на Комисии за вонреден попис на движни ствари (возила, книги, уметнички слики и софтверски програми) со цел ажурирање на сметководствената евиденција и усогласување на сметководствената со фактичката состојба по извршениот вонреден попис.

Нецелосно извршениот попис предизвикува можност од нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за:

- пропишување на политики за начинот на вршење на попис и да обезбеди нивна целосна примена,
- целосно и навремено спроведување на пописот на средствата и обврските на начин предвиден со подзаконскиот акт,
- финализирање на постапката за делбен биланс помеѓу Министерството и Агенцијата за храна и ветеринарство, согласно донесеното Решение и
- формирање на соодветен број на комисии за попис и спроведување на вонреден попис со цел идентификација на опремата, нивните корисници и сегашната вредност на средствата во пописните листи.

4.3.2. Со извршениот увид во деловните книги кои се однесуваат на постојаните средства, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- одговорните лица во Министерството не воспоставиле сметководствена евиденција и не обезбедиле имотен лист за градежниот објект - зградата на Македонска Радио Телевизија кат 12 и 13, кој од 2006 година се преотстапени на користење од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и Министерство за животна средина и просторно планирање;
- за четири бараки кои сметководствено се евидентирани со сегашна вредност од 785 илјади денари, Министерството не располага со имотен лист како доказ за сопственост и други стварни права. Исто така, ревизијата не беше во можност да потврди врз основа на кои сметководствени документи овие објекти се воведени во евиденцијата;
- Министерството не располага со вистинити и објективни податоци со кои ќе може да ја потврди искажаната вредност на евидентираните слики во износ од 503 илјади денари и книги во износ од 5.670 илјади денари;
- со извршениот увид во пописната листа за возилата, нивните сообраќајни дозволи и сметководствената евиденција утврдено е дека од вкупно 207 возила со кои располага Министерството во сметководствената евиденција не се евидентирани 29 возила. Од друга страна пак, во сметководствената евиденција наведени се 182 возила, при што за 4 возила поради недостиг на основни податоци (број на шасија, регистарска таблица и тип на возило), ревизијата не беше во можност да ја потврди нивната реалност, додека за 8 возила не се презентирани податоци за нивната состојба односно истите не се во возниот парк на Министерството;
- во сметководствената евиденција не се евидентирани апликативни софтвери, за истите не е пресметана амортизација, а исплатени се средства кои се однесуваат на нивно месечно одржување.
- погрешно земената основица при пресметувањето на амортизацијата и ревалоризацијата на постојаните средства во 2012 година, довела до

погрешно искажана крајна состојба во 2012 година, односно почетна и крајна состојба на постојаните средства во 2013 година.

- за дел од постојаните средства (трафостаница, опрема во фитосанитарна лабораторија, нематеријални средства - апликативни софтвери кои се однесуваат на регистарот за фарми, земјоделски пазар, систем за семе и саден материјал и електронска аукција), чија набавна вредност изнесува 36.201 илјади денари, од моментот кога се набавени па се до крајот на 2013 година, не е пресметана амортизација.
- на крајот на 2013 година од страна на одговорните лица не се изготвени известувања за вредноста на недвижните и движните ствари со кои располага Министерството и истите не се соодветно доставени до Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, односно Министерство за финансии;

Овие состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (член 12) и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (членовите 86, 87, 88 и 90) и истите имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за постојаните средства и изворите на капитални средства во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември.

Во мај 2014 година започнати се активности за преотстапување на трајно користење на дел од движните и недвижните ствари на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Државниот инспекторат за земјоделство, кои во 2014 година стекнуваат статус на правно лице.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да:

- создадат услови и преземат активности за примена на сметководствените начела за целосно, комплетно, навремено, ажурно и хронолошко водење на податоците во деловните книги;
- преземат мерки за обезбедување на веродостојни документи, кои претставуваат основ за сметководствено евидентирање на постојаните средства;
- да иницираат запишување на правата на недвижностите во јавните книги за оние објекти за кои реално постои таков основ;
- преземат мерки за исправка на пресметаната амортизација и ревалоризација во 2012 година, а со тоа и на пресметаната амортизација на постојаните средства во 2013 година и
- обезбедат редовно и навремено известување на надлежните институции за состојбата и промените на недвижните и движните ствари со кои располага министерството и
- преземе активности за утврдување на фактичката состојба со возилата и извршат нивно усогласување со сметководствената евиденција.

4.3.3. Со извршениот увид во сметководствената документација, направените тестови од страна на ревизорите, кои имаа за цел да потврдат дека трансакциите се евидентирани во соодветниот период, како и извршените усогласувања на крајот на годината со дел од добавувачите, утврдени се состојби кои влијаат на реалноста и објективноста на искажаната почетна и крајна состојба на обврските спрема добавувачите и активните временски разграничувања.

При тоа, утврдено е дека во 2013 година исплатени се средства во износ од 13.384 илјади денари за подмирување на обврски кои потекнуваат од минати години, при што истите сметководствено се евидентирани во годината предмет на ревизија, наместо во периодот кога настанале.

Со ревизијата се констатирани фактури во износ од 1.501 илјади денари, кои во Министерството се примени во 2013 година, за настани кои се случиле истата година, а како обврски за плаќање сметководствено се евидентирани во 2014 година. Поради ваквиот начин на евидентирање на обврските, постои реална можност бројот на неевидентирани фактури во 2013 година да е значително поголем од наведениот износ. Една од причините за појава на оваа состојба, претставува големата временска разлика помеѓу одобрувањето на фактурите од страна на одговорните лица и нивното доставување до Одделението за сметководство и плаќање каде истите се евидентираат и плаќаат.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека, во 2013 година исплатени се 5.201 илјади денари буџетски средства за камати поради ненавременото подмирување на обврските.

Овие состојби не се во согласност со начелата на ажурност и навременост на евидентирање на сметководствените настани, пропишани во одредбите од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Исто така, непостоењето на целосни и точни податоци за обврските влијае врз реалните проекции во процесот на планирање на буџетските средства за Министерството во наредниот период.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за:

- пропишување на политики за начинот на одобрување и евидентирање на преземените обврски;
- задолжување на лицата за одобрување на преземените обврски истите да обезбедат навремено одобрување и доставување на настанатите обврски до лицата одговорни за евидентирање на истите;
- задолжување на лицата одговорни за евидентирање на настанатите обврски истото да го вршат во моментот на настанување на обврската и нивното презентирање во деловните книги за известувачкиот период во кој настанале.

4.3.4. Со одредбите од Законот за земјоделско земјиште се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија склучува договор за закуп со избраниот понудувач. За земјоделското земјиште дадено под закуп се плаќа годишна закупнина најдоцна до 31 јули во тековната година за претходната година. Средствата од закупнината се приход на Буџетот на Република Македонија.

Од извршеното интервју со одговорните лица од Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште и извршениот увид во документацијата и воспоставената евиденција за закуп на земјоделското земјиште, ревизијата ја утврди следната состојба :

- податоците за висината на закупнината, рокот на плаќање, како и нејзината наплата се водат во подрачните единици на Министерството. За овие податоци, во Министерството не е воспоставен единствен електронски систем, кој ќе овозможи следење и контрола на наплатата на закупнината, согласно склучените договори. Во 2011 година во соработка со Министерството за финансии бил воспоставен електронски систем за управување со земјоделското земјиште, но при неговата примена биле утврдени одредени проблеми и недоследности, поради што од март 2013 година истиот не е во употреба. Дел од овие проблеми се однесувале на постоење на катастарските парцели во државна сопственост, при што Република Македонија не била впишана како нивен сопственик или врз нив постоело запишано корисничко право на други правни или физички лица, така што не е можно државата да располага со овие парцели. Кон ова се надоврзуваат и одредени технички грешки кои се однесуваат на нецелосно впишани кориснички права врз земјоделското земјиште во државна сопственост, грешка во базата на податоци на Агенцијата за катастар на недвижности поради различните методи и начини на впишување, постоење корисници - правни лица кои немаат важечки договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост и сл. Одговорните лица истакнаа дека, се прават напори за подобрување и надградување на овој систем и ставање на истиот во повторна употреба;
- евиденциите што се водат во подрачните единици на Министерството по овој основ се нецелосни и не претставуваат веродостојна база на податоци која ќе послужи за добивање проекција на очекуван приход при изготвување на Буџетот на Република Македонија за наредната година, како и сигурен основ за евидентирање на вкупните побарувањата кои ги има државата по овој основ;
- не е воспоставена целосна соработка помеѓу Министерството и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој, во делот на обезбедување на потребните податоци за подмирување на долгот по основ на закуп на земјоделско земјиште. Невоспоставената навремена и точна комуникација помеѓу двете

институции е честа причина за грешки во поглед на евиденцијата на должници, покренување на судски постапки или раскинување на договори;
- недостатокот на повратна информација од страна на Управата за јавни приходи до Министерството за пресудените судски постапки поврзани со закупот на земјоделско земјиште, како и од Министерството за финансии за наплатениот долг по тој основ, влијае воспоставената евиденцијата на должници навремено да не се ажурира;
- закупнината од правни и физички лица се уплатува на соодветна уплатна сметка и претставува приход на Буџетот на Република Македонија, поради што Министерството не презело активности за воспоставување на сметководствена евиденција на побарувањата по овој основ. Во исто време Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници нема обврска во своето сметководство да обезбеди податоци за состојбата на побарувањата од физички и правни лица, по основ на ненаплатен износ за закуп на земјоделско земјиште. Ваквата состојба предизвикува побарувањата по овој основ да не се сметководствено евидентирани во евиденцијата на ниту еден надлежен орган, истите да не претставуваат предмет на инвентарисување, што претставува можен ризик за нецелосно и неточно остварување на приходи од закуп на државно земјиште и бесправно остварување на корист од страна на физички и правни лица.

Во насока на подобрување на управувањето со земјоделското земјиште во државна сопственост Министерството пристапило кон склучување на два посебни Меморандуми за разбирање со Министерството за финансии и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да :

- продолжат со започнатите активности во поглед на воспоставување целосен, точен и унифициран електронски систем за управување со земјоделското земјиште;
- воспостават соодветна соработка со сите државни институции кои се вклучени во процесот на издавање и наплата на средства по основ на издавање на државно земјиште во закуп и
- воспостави вонбилансна сметководствена евиденција на долгорочните и краткорочните побарувања по основ на закуп на земјоделско земјиште.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.5. Со извршениот увид во деловните книги и презентираната документација за извршување на расходите на ставките Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка и Други тековни расходи во известувачкиот период, ревизијата утврди несоодветно постапување. Имено во случај на недоволно обезбедени финансиски средства согласно финансискиот план за одредена програма/потпрограма за одредена расходна ставка, воспоставена е пракса, обврските да се исплатат од друга програма/потпрограма за истата или од друга расходна ставка, на која има неискористени средства. Ваквиот начин на постапување предизвикува во деловните книги за известувачкиот период да бидат искажани податоци за извршување на буџетот/финансискиот план на Министерството по вид на расход и програма/потпрограма во износ од 3.324 илјади денари кои не ја одразуваат реалната состојба на расходи по вид и намена. Утврдената состојба го нарушува основното буџетско начело „специфичност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведува раководителот на субјектот да презема обврски надвор од одобрените средства, наменети за посебни цели по раздели, програми, потпрограми и ставки со финансискиот план, што не е во согласност со член 37-в од Законот за буџетите. Утврдената состојба има за ефект несодветно презентирање на податоци за извршените расходи и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за задолжување на лицата одговорни за преземање на финансиски обврски и извршување на плаќањата, истите да се вршат во рамки на одобрените средства и согласно утврдените намени.

4.3.6. Со извршената ревизија на трошоците евидентирани на сметката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ревизијата утврди дека Министерството нема целосно преземено активности за уредување на меѓусебните односи со корисниците/сопствениците на недвижниот имот, односно не секогаш има склучено договори/спогодби во кои е уреден начинот за подмирување на заедничките комунални услуги.

Ревизијата утврди дека, со 15 подрачни единици од вкупно 37 не е склучен договор за регулирање на меѓусебните односи по основ на заеднички комунални трошоци, од нив, 2 подрачни единици имаат договор со изминат рок на важност, по што не е склучен нов договор. Со 5 подрачни единици кон крајот на 2013 година и почеток на 2014 година, склучен е договор за уредување на заеднички комунални трошоци со други правни лица.

Поради недоставени податоци, ревизијата не беше во можност да го утврди начинот на кој е регулирана поделбата на заеднички трошоци за објектите во кои се сместени станиците на шумска полиција кои својата работа ја извршуваат во работни простории сопственост на други правни лица.

Оваа состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 10 и член 15 од Законот за облигациони односи, што оневозможува целосно потврдување на реалноста и објективноста на искажаните трошоци на сметката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за целосно регулирање на меѓусебните права и обврски со давателите на услугите во случај кога се користи простор со други правни лица и кога постои поделба на заедничките комунални трошоци .

4.3.7. Правото на користење на службен мобилен телефон, дозволениот лимит (ограничување на износот на сметката), водењето евиденција, подмирувањето на обврските, задолжувањето и раздолжувањето, надзорот и одговорноста на вработените во министерството се уредени со “Упатство за користење на службени мобилни телефони во МЗШВ“ од 18.01.2012 година. Со ова упатство е определена висината на сметката која паѓа на товар на министерството за функционерите и раководните државни службеници додека со посебно Известување од министерот се определени вработените на кои им е одобрен лимит во висина од 350 денари.

Поради зголемен обем на работа и работни задачи и потреба од надворешна комуникација на десет државни службеници од кабинетот на министерот дадено е генерално одобрување за надминатите лимити за мобилните телефони за 2013 година. Во известувачкиот период за користење на овој вид на услуги фактуриран е износ од 438 илјади денари односно 350 илјади денари повеќе од дозволениот лимит.

Во исто време со извршениот увид во електронската евиденција, задршките од плата и останатите документи поврзани со користењето на службените мобилни телефони, ревизијата утврди и други состојби и тоа како што следува:

- воспоставена е пракса одредени функционери, раководни државни службеници и други вработени да користат повеќе од еден службен телефон, со што се создаваат услови за надминување на максимално дозволениот лимит;
- одобрувањето на потрошените средства над дозволениот лимит покрај функционерот кој раководи со органот (министерот) го одобруваат и

заменик министерот и државниот секретар што не е во согласност со Одлуката[3] и Упатството донесено од министерот;

- присутна е појавата на пречекорување на ограничувањата, непрезентирање одобрувања за надминатите ограничувања или поднесување на истите со задоцнување (откако е завршена пресметката на платата) до Одделението за сметководство и плаќање и непостапување по истите односно да се изврши задршка од плата за констатираната разлика;
- дел од доставените одобрувања не се датумирани што оневозможува да се утврди дали истите се навремено доставени до надлежното одделение;
- прегледот со податоци за вработени со надминат лимит односно износи што треба да бидат задржани што се доставува до одделението за сметководство и плаќање не ги содржи податоците за сите вработени кои го надминале лимитот и на кои треба да им се изврши задржување од плата (за некои од нив и покрај тоа што ги нема во прегледот, има одобрување за надминатиот лимит);
- електронската евиденција – Прегледот "Детална анализа на службени мобилни телефони во МЗШВ" што го води Секторот за финансиски прашања не е целосен/комплетен односно не ги содржи сите потребни податоци согласно упатството, не е ажуриран согласно настанатите промени предизвикани од промената на работните места на вработените, не содржи податоци за одобрени лимити и потрошени износи за некои вработени, не содржи податоци за сите броеви издадени од министерството, содржи податоци што се повторуваат за одредени броеви итн. со што ги зголемува ризиците за несоодветно постапување и користење на средствата;
- не е воспоставена пракса на: потпишување на реверс при задолжување со службените мобилни апарати и изјава за согласност за одбивање од плата на надминатото а неодобрено пречекорување согласно членот 6 од упатството;
- не е воспоставена координација помеѓу Секторот за финансиски прашања и Секторот за човечки ресурси што оневозможува навремено ажурирање на податоците во електронската евиденција (промената на работните места на вработените, утврдувањето на лимитите итн);
- воспоставена е пракса за вработените на кои и покрај тоа што работното место им е во мирување, им престанал работниот однос или се отсутни од работа подолго од еден месец односно не земаат плата преку министерството сеуште да го користат службениот телефон/број, создаваат расходи на терет на министерството и го надминуваат ограничувањето со кое се стекнале додека биле во постојан работен

[3] Одлука за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката ("Службен весник на РМ" бр. 15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/09, 81/10).

однос во министерството без притоа да се преземат активности за надоместување на создадените расходи, престанок на правото на користење на службен мобилен телефон и доставување на барање за надоместување на направените расходи;

- лимитот што им се признава на некои вработени не е во согласност со утврдениот лимит согласно упатството односно нивната работна позиција;
- воспоставена е пракса на доделување на нови броеви/ промена на лимитите покрај министерот да вршат и други лица.

Утврдените состојби не се во согласност со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, Упатството за користење на службени мобилни телефони во МЗШВ и Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, што предизвикува можност од несоодветно користење на средствата, неправилно доделување и искористување на одредени погодности од работниот однос и имотна корист на поединци.

По денот на одржување на завршниот состанок со раководителот на субјектот до ревизијата се доставени повеќе известувања кои се однесуваат на делумно преземени мерки за надминување на утврдената состојба односно доставено е известување до надлежната компанија за исклучување од сообраќај/комуникација во и надвор од компанијата за 29 лица а за 8 лица се дадени конкретни инструкции за ставање на лимит за телефонските разговори. Воедно доставен е ажуриран список со вработените, нивното право на користење итн.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки и активности со кои ќе обезбеди:

- функционерите, раководните државни службеници и другите вработени без разлика на бројот на мобилните телефони кои ги користат да се придржуваат на утврдениот дозволен лимит;
- определувањето на вработените кои ќе користат службен мобилен телефон, вклучувајќи го и надминувањето на лимитот на секоја месечна сметка на службените телефони кое е направено во функција на остварување на целите на министерството да се одобрува од негова страна;
- лицето одговорно за пресметка на платата во министертсвото да пресметува и врши задршка од платата на име прекорачување на дозволениот лимит;
- прегледот што се доставува до Одделението за сметководство и плаќање да ги содржи сите вработени кои го надминале одобрениот лимит;

- задолжување на вработените со мобилните апарати (да потпишуваат реверси и изјави за одбивање од плата на разликата помеѓу дозволениот лимит и неговото надминување);
- координација помеѓу Секторот за финансиски прашања и Секторот за човечки ресурси во насока на навремено информирање за настанатите промени;
- вработените на кои им престанал работниот однос во министерството по сите основи да се раздолжат со службените телефонските апарати;
- донесување на акт со кој ќе се изврши задолжување за надоместување на сите средства кои се платени на име користење на мобилни телефонски услуги од вработените на кои им престанал работниот однос по сите основи, а користеле такви услуги и по периодот на престанок на работниот однос;
- на вработените да им се одобрува лимит согласно работната позиција.

4.3.8. Во финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи за 2013 година искажани се расходи за горива и масла во вкупен износ од 18.597 илјади денари.

Набавката на гориво се врши безготовински - со користење на верна картички, а во помал обем и со парични средства во готово и деловна кредитна картичка.

Правото и начинот на користењето на службените моторни возила на Министерството, нивната распределба и располагање, како и одобрувањето на трошоците по тој основ е уредено со Правилник за користење на службени моторни возила и реализација на службени патувања. За секое користење на службените возила, предвидено е задолжително пополнување, парафирање и одобрување на налог за користење на службено моторно возило со наведување на датумот, релацијата и периодот на користење на возилото, а за реализација на службени патувања се изготвува и патен налог, соодветно пополнет, одобрен и архивиран. Од извршениот увид во деловните книги и презентираната документација за реализација на овој вид на расходи во известувачкиот период, ревизијата утврди дека не се пополнуваат или несоодветно се пополнуваат налози за користење на службени моторни возила, поради што ревизијата не беше во можност да ја потврди потребата за извршените набавки за гориво и користењето на службени возила исклучиво за извршување на службени активности.

Оваа состојба не е во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и одредбите од донесениот интерен акт и упатува на недоследно функционирање на системот на интерни контроли, што создава ризик за неефикасно и несоодветно користење на буџетските средства и нереално и необјективно

искажување на расходите во финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да обезбеди воспоставување на ефикасни интерни контроли за користењето на службените моторни возила, а евиденцијата и исплатите на направените трошоци по тој основ да се вршат врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

4.3.9. Со Програма за фитосанитарна политика во 2013 година и нејзините измени и дополнувања се утврдуваат активностите, висината на средствата, намената и начинот на користењето на истите. Со цел остварување на определени активности, со програмата предвидено е министерот да формира комисии составени од експерти од областа за чиј ангажман се исплаќа определен надоместок. Со извршената ревизија на спроведување на активностите дефинирани во програмата, начинот на исплата на средствата и потврдување на истите со уредни и веродостојни документи констатирани се состојби во износ од од 1.183 илјади денари и тоа како што следува:

- воспоставена е пракса, исплатата на средства од програмата, наменети за набавки да се врши врз основа на Решение на раководителот на Фитосанитарната управа, по претходно пристигнати фактури. Дел од фактурите не се детално анализирани и контролирани, а дел од нив и не се архивски заверени, што не е во согласност со точка 4 од Процедурите за текот на движењето на финансиската документација, начинот на контрола и реализација во рамките на Министерството бр. 26-9589/1 од 12.10.2011 година и член 5 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- во известувачкиот период организирани се семинари, советувања и обуки за вработените во Фитосанитарната управа за кои не се приложени договори за набавка на услугите, агенда со која би се потврдила целта и времетраењето на обуките, како и список на учесници односно уредни и веродостојни документи што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- Фитосанитарната управа, на ден 20.06.2012 година има објавено Јавен конкурс за доделување на дозволи за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата врз основа на што раководителот на Фитосанитарната управа издава "Решенија за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата" на повеќе институции (факултети, институти и сл.), кои имале обврска да склучат договори со

министерството. Ревизијата констатира дека наведените договори не се склучени;

- во делот на програмските активности кои се однесуваат на "Подготовка на стратегии и годишни мониторинг програми" ревизијата констатира дека самото дефинирање е генерално и не овозможува да се утврди за колкав број на стратегии станува збор односно имало потреба да бидат изработени. Во исто време:
  - формирани се групи за изработка на пет различни програми, средствата се исплатени а изработени се четири правилници;
  - не се презентирани уредни и веродостојни документи за работата на комисиите со кои ќе се потврдат активностите во кои учествувале членовите на групите и кои претставуваат основа за исплатување на надоместокот;
  - не е пристапено кон склучување на авторски договор за уредување на меѓусебните права и обврски.
- во делот на програмските активности кои се однесуваат на спроведувањето на активности за одобрување и оценување на производ за заштита на растенијата и финансирање на стручни комисии за регистрација на производи за заштита на растенијата на ревизијата не и беше презентиран извештај за спроведување на активностите.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија, одредбите на Програмата, донесените решенија и Правилникот за работа на Комисиите формирани во министерството и влијаат на можноста за потврдување на точноста и реалноста на искажаните расходи.

По одржување на завршниот состанок за извршената ревизија, министерството достави копија од склучен Договор за уредување на меѓусебните права и обврски со "УКИМ Земјоделски институт" – Скопје за извршување на јавни услуги.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки и активности со кои ќе обезбеди исплатата на средствата во поделените програми:

- да се врши врз основа на претходно склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски;
- да се врши по спроведување на активностите;
- исплатата на средствата да биде пропратена со уредни и веродостојни документи и истите да бидат авторизирани и потврдени од надлежните лица;
- за активностите за кои е утврдено со програмата изготвување на извештај истиот да биде навремено изготвен и доставен до надлежните органи.

4.3.10. Согласно Програма за семе и саден материјал за 2013 година и нејзините измени и дополнувања утврдени се висината на средствата, намената и начинот на нивното користење. Активностите во наведената програма имаат за цел спроведување на контрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал, воведување во трговија на нови домашни и странски сорти на земјоделски растенија, создавање услови за чување и одржување на семенски и саден материјал, заштита на автохтоните сорти од земјоделски растенија, заштита на селекционерските права и изработка на подзаконски акти од областа на семето и садниот материјал и нивно усогласување со ЕУ законодавството.

Со извршената ревизија на начинот на реализација на средствата утврдени со пооделните активности во програмата констатиравме состојби во износ од 1.820 илјади денари кои се однесуваат на:

- воспоставена е пракса потребата за определени набавки од оваа програма да се вршат врз основа на решение од раководителот на Управата за семе и саден материјал при што за фактурите во износ од 1.365 илјади денари и утврдивме дека истите не се детално анализирани и контролирани, а дел од нив и не се архивски заверени, што не е во согласност со точка 4 од Процедурите за текот на движењето на финансиската документација, начинот на контрола и реализација во рамките на Министерството бр. 26-9589/1 од 12.10.2011 година и член 5 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- извршена е исплата во износ од 455 илјади денари за работа на Комисијата за национална сортна листа при што констатиравме временско несовпаѓање помеѓу актот на формирање на комисиите, актот за утврдување/исплата на висината на надоместокот како и периодот на исплата на средствата, исто така не е презентиран акт за начинот на изборот на членовите во работната група а при исплатата на надоместокот на членовите на групата не е обезбеден унифициран пристап/начин на утврдување на основот за исплата на членовите на комисиите односно во некои случаи се исплатуваат и испитуваните сорти и стандардите со кои се споредуваат сортите а во некои случаи се исплатуваат само испитуваните сорти (не земајќи ги во предвид сортите за кои Комисијата одлучува да се одбие запишување во Националната сортна листа и воведување во производство).

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија и Правилникот за висината на надоместување на трошоците за испитување на вредноста за производство и употреба на сортата со сортни опити и висината на надомест за работата на комисијата за национална сортна листа за земјоделски растенија и истите имаат за ефект несоодветно постапување и можност од несоодветно искористување на средствата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки и активности со кои ќе обезбеди:

- исплатата на средствата за набавките да се врши по претходно извршена контрола и потврдување на точноста и веродостојноста на документите;
- изборот на експерти да се врши по однапред утврдени критериуми;
- начинот на утврдување на надоместокот да се врши согласно интерниот акт.

4.3.11. Согласно Програмата за проширена репродукција на шумите за 2013 година планирани се и потрошени 1.000 илјади денари за превентивна заштита на шумите и шумските култури. За таа цел, Министерството со Високо образовна институција – Универзитет (во натамошниот текст Извршител) има склучено Договор за превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори на територија на Република Македонија. Работата од страна на Извршителот е завршена и доставени се Прелиминарен извештај за превентивна заштита на шумите и шумските култури во Република Македонија од растителни болести и штетници во 2013 година и Извештај за состојбата на растителните болести и штетници во природните и новоподигнатите шумски насади во Република Македонија.

Според член 2 точка 1 алинеа 6 и член 3 став 2 алинеа 2 од склучениот договор, Извршителот по исполнување на својата обврска, а пред исплатата на средствата од страна на Министерството, имал обврска да достави копии од документацијата со спецификација за направени материјални трошоци за негово функционирање. Од страна на Извршителот доставена е спецификација на трошоците, заедно со копии од патните налози. Ревизијата утврди дека спецификацијата не претставува реална слика на направените трошоци за извршениот теренски увид на шумите, патните трошоци, материјалните трошоци за лабораториските анализи, вложениот интелектуален труд и др. и за истите не се доставени веродостојни документи (фактури, сметкопотврди и сл.), како потврда на исплатените средства, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Во разговор со одговорните лица од страна на Извршителот, со цел откривање на причината за оваа состојба, наведено е дека се работи за недоразбирање и неинформираност, при што во иднина ќе се настојува да се обезбедат веродостојни документи како доказ за потрошените буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да ги почитуваат одредбите од склучените договори и да обезбедат веродостојни документи како поткрепа на исплатените буџетски средства.

4.3.12. На сметките Договорни услуги и Други градежни објекти програма 6А Хидросистем Злетовица и 6Б Хидросистем Лисиче евидентирани се расходи во износ од 95.496 илјади денари кои според описот не одговараат на содржината на овие сметки пропишани со Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на буџетските корисници. Имено на име Договорни услуги, согласно двете програми исплатени се средства во износ од 9.996 илјади денари за ЈП ХС Злетовица и ЈПВ Лисиче за покривање на трошоци по основ на плати, надомест на штети, судски трошоци, како и други трошоци кои им се предвидени во инвестиционите програми, но за истите не се дадени детални образложенија. Исплатените средства кои се евидентираат на сметката Други градежни објекти изнесуваат 85.500 илјади денари и се однесуваат на платено „ддв" од повлечени и искористени средства од јапонски кредит за ЈП ХС Злетовица и трошоци за довршување на изградбата на Хидросистем Лисиче. Овие трошоци потребно е да бидат планирани и извршени на сметките од групата Субвенции и трансфери, а со тоа и нивно соодветно сметководствено евидентирање.

Овие состојби не се во согласност со одредбите од Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на буџетските корисници и имаат влијание на реалното прикажување на податоците во финансискиот извештај – биланс на приходи и расходи за 2013 година.

**Препорака**

Одговорното лице во Министерството, при изготвување на буџетот и планирањето на расходите да се придржува до конкретната содржина на сметките од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2010, 2011, 2012 и 2013 година, а по кои се преземени обврски во 2013 година, извршивме ревизија на постапки за јавни набавки со што опфативме 56% од преземените обврски кои подлежат на одредбите од Законот за јавни набавки, односно износ од 51.782 илјада денари, при што констатиравме одредени состојби кои се однесуваат на следново:

- во известувачкиот период Министерството за набавка на услуги за кои се предвидени олеснителни процедури за спроведувањето на постапката,

презело обврски во износ од 8.787 илјади денари без да биде спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки. Исто така преземени се обврски во износ од 1.594 илјади денари за набавка на стоки работи и услуги за кои не е спроведена постапка за доделување на договорите за јавни набавки што не е во согласност со член 16, 17 став 1 алинеја 1 и 18 од Законот за јавни набавки (Прилог број 3);

- спроведена е отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на канцелариски материјали и тонери. Во тендерската документација е утврдено, предмет на електронската аукција да биде вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, додека во техничките спецификации не се утврдени количини за набавка за одделните производи, , што не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки. Ваквиот начин на изготвување на тендерската документација, во која вкупната понудена цена претставува збир на единечните цени, овозможило како најповолна да биде избрана понудата за тонери со најниска вкупна вредност, при што за 2 вида тонери понудени се цени кои претставуваат 83% од вкупната понудена цена, додека за останатите 31 вид на тонери понудени се невообичаено т.е. непропорционално ниски цени кои претставуваат 17% од вкупната понудена цена. При тоа од економскиот оператор не е побарано писмено објаснување за понудената невообичаено ниска цена, што не е во согласност со одредбите на член 163 од Законот за јавни набавки и точка 4.3.4. од Тендерската документација[4].

  Од извршениот увид во фактурите кои се однесуваат на набавки за тонери и хартија со вредност од 2.715 илјади денари[5], ревизијата утврди дека 2.707 илјади денари се потрошени за набавка на тонери и хартија чија поединечна цена е највисока, додека од производите со невообичаено ниски цени се набавени мали количини со вкупна вредност од 8 илјади денари.
- во 2011 година, а потоа и на крајот на 2012 година спроведени се отворени постапки за доделување на договор за јавна набавка за сервисирање и одржување на службените возила со кои располага Министерството. За таа цел склучени се два договори со правен субјект – вршител на услугата. Во текот на 2013 година, врз основа на склучените договори исплатени се средства во вкупен износ од 4.849 илјади денари. Склучените договори, содржат одредба која предвидува, во случај на замена на резервни делови кои не се предвидени во техничката спецификација, истите да се

[4] Во точка 4.3.4. од Тендерската документација е утврдено дека ако економскиот оператор не успее да објасни на писмено, кои се причините за таквата цена во рок од 5 (пет) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

[5] Од сметката на основен буџет (637) реализирани се 2.491 илјади денари и од сметката на основен буџет (631) се реализирани 224 илјади денари

фактурираат со не повеќе од 6% маржа од набавната цена на делот набавен од овластениот дистрибутер во Република Македонија, додека во договорот склучен во 2013 година предвидено е и писмено одобрување од одговорно лице во Министерството, односно прифатена предлог пресметка, во случај кога има делови кои не се предвидени во техничката спецификација.

Со извршениот увид во сметководствената документација и во начинот на реализација на склучените договори, утврдено е дека доставените фактури содржат и резервни делови кои не се предвидени во техничката спецификација, како и резервни делови кои иако се предвидени во истата, при фактурирањето не се применуваат цените кои се договорени. За оние делови кои не се предвидени во техничката спецификација, од документацијата која ја поседува Министерството, ревизијата не беше во можност да потврди дека истите се фактурираат согласно набавната цена на овластениот дистрибутер за тој дел и дозволената маржа.

Овие состојби не се во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и одредбите од член 10 и член 15 од Законот за облигациони односи.

Утврдените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки и предизвикуваат можност од не обезбедување фер конкуренција, еднаква и не дискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Одговорните лица во министерството да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги преземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките од 4.2. до 4.3. се:

- нецелосно извршен попис на средствата и обврските;
- неажурност во евидентирањето на обврските;
- невоспоставена уредна, унифицирана и точна евиденција за издаденото државно земјиште под закуп, како и сметководствена евиденција на побарувањата по основ на закуп на земјоделско земјиште;
- извршување на расходи кои не припаѓаат на програмата/потпрограмата или ставката од која се извршени;
- извршувањето на расходите на име комунални услуги, мобилна телефонија и нафтени деривати е пропратено со одредени неправилности;
- извршувањето на Програмите за фитосанитарната политика; за семе и саден материјал и проширена репродукција е пропратено со одредени

неправилности, чие влијание се одрази врз изразеното мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.3.1. до 4.1.4. финансискиот извештај – биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 31 декември 2011 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките од 4.3.5. до 4.3.14 финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, се реално и објективно искажани во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системска слабост

6.1. Со одредбите од Законот за организација и работа на органите на државната управа и другите закони уредено е Министерството да ги врши работите што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството. За потврдување на преземените активности (донесување на подзаконските акти) од страна на надлежните органи, ревизијата изготви прашалници за секој закон поединечно, кои беа одговорени од надлежните лица во Министерството. Со спроведената анализа на одговорените прашалници утврдено е дека постојат системски слабости кои имаат влијание врз навременото носење на дел од подзаконските акти, чија цел е поблиску да ги уредат одредбите од законската регулатива. Во Прилог број 2 составен дел на извештајот даден е приказ на активностите кои треба да се преземат, подзаконските акти кои треба да се донесат и надлежните органи одговорни за донесување на истите.

6.2. Со одредбите на член 11 и член 12 од Законот за државниот инспекторат за земјоделство[6] утврдени се надлежностите на инспекторатот, кој освен инспекцискиот надзор над примената на законите од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, вклучувајќи ги и подзаконските акти од овие области има обврска да врши инспекциски надзор преку контрола и прегледи на пратките од увоз и извоз и тоа на:

- квалитет на пратките од увоз на добиточна храна, ѓубриња, семенски и саден материјал на царинските терминали,
- вино при увоз и извоз,
- квалитетот на цвеќе и декоративни растенија при увоз и извоз и
- пратки од добиточна храна, ѓубриња, семенски и саден материјал, производи за заштита на растенијата и растенијата на граничните премини, преку фитосанитарна контрола при увоз, извоз и транзит.

За дел од извршените контроли инспекторот издава потврда за извршен органолептички преглед (дозвола) за контрола на квалитет меѓу кои и лиценца I005[7] и I009[8], кој е услов за пуштање во промет на пратките од увоз.

Начинот, постапката и условите на вршење контрола на квалитет меѓу другото се уредени и со одредбите на Законот за квалитет на земјоделски производи[9], Законот за ѓубриња[10], Законот за сточарство[11], Законот за тутун и тутунски производи[12], Закон за виното[13] итн.

Трошоците за контрола на квалитет на земјоделските производи при производство, промет и при увоз и извоз, вклучувајќи ги и трошоците за земање на примероците и лабораториските анализи, се на товар на операторите со земјоделските производи, притоа нивната висина треба да ја пропише министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, детално уредено со член 167 од Законот за квалитет на земјоделски производи.

До денот на известување од извршената ревизија висината на трошоците за вршење на контрола на квалитет не се пропишани од надлежниот министер, што создава ризик по однос на создавањето на потребните предуслови за ефективно и ефикасно вршење на контролата и прегледот на квалитетот на земјоделските производи, од погоре наведените области.

[6] Службен весник на Република Македонија број 20/09, 127/10, 53/11, 164/13 и 43/14.
[7] Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри-лиценца;
[8] Влезен документ за репродуктивни животни и приплоден материјал-лиценца;
[9] Службен весник на Република Македонија број 140/10, 53/11 и 55/12;
[10] Службен весник на Република Македонија број 110/2007, 20/2009, 17/11 и 148/11;
[11] Службен весник на Република Македонија број 23/2013;
[12] Службен весник на Република Македонија број 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/2013, 99/2013 и 164/2013;
[13] Службен весник на Република Македонија број 50/2010, 53/2011, 06/2012, 23/2013, 106/2013 и 188/2013;

Во отсуство на горе наведениот акт, Државниот инспекторат за земјоделство како критериум за наплата на висината на надоместокот за покривање на трошоците за преглед и контрола на квалитет го вршат врз основа на „Решение за определување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за покривање на трошоците на Републичкиот пазарен инспекторат за вршење на контролата на квалитетот на земјоделските и прехрамбените производи и нивните преработки во надворешно-трговскиот промет[14]" донесено од министерот за стопанство врз основа на закон кој веќе не е во примена.

Имајќи во предвид дека прегледот и контролата за квалитет на пратките од увоз се активности кои се во тек или пред царинска постапка, Министерството за финансии – Царинска управа презема активности пред надлежните органи со кои бара дел од инспекциските надзори да се вршат по завршување на царинската постапка односно лиценците I005 и I009 да не бидат услов за спроведување на царинската постапка. Од извршеното интервју со надлежните во државниот инспекторат ревизијата констатира дека ваквото решение носи ризик во Република Македонија да бидат пуштени во промет земјоделски производи, стоки и материјали чиј квалитет нема да биде прегледан/потврден.

Имајќи ги во предвид активностите кои се преземени од надлежните органи и активностите кои се во тек ревизијата укажува на потребата:

- надлежниот министер да преземе активности за пропишување на подзаконскиот акт со кој ќе се утврдат реалните трошоци за контрола на квалитет на земјоделските производи при производство, промет и при увоз и извоз, вклучувајќи ги и трошоците за земање на примероците и лабораториските анализи кои ќе бидат на терет на операторите со земјоделски производи;
- Државниот инспекторат за земјоделство во соработка со надлежните органи да обезбеди услови за континуирано (седумдневно/неделно функционирање) непречено постапување по барањата поднесени за добивање на наведените лиценци во „EXIM[15]" системот;
- да се изнајде начин со кој ќе се исклучат ризиците за можност на влез/излез на стоки, производи и материјали во/од Република Македонија без да се изврши соодветен преглед/контрола од страна на Државниот инспекторат за земјоделство, односно лиценциите I005 и I009 да бидат услов за спроведување на царинската постапка.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

Ревизијата смета дека потребно е да се обелоденат неколку состојби кои според својата материјалност претставуваат важни позиции во финансиските извештаи на Министерството и тоа:

[14] Службен весник на Република Македонија број 55/98.
[15] Едношалтерски систем на Царинската управа на Република Македонија.

7.1. Планирањето, управувањето, стопанисувањето, чувањето на шумите како природно богатство и проширената репродукција на шуми, која меѓудругото опфаќа и подигнување на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта, е уредено со одредбите на Законот за шумите. Согласно одредбите на член 95 став 4 од законот, субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост, обезбедуваат средства за работите за проширена репродукција на шуми во висина од 3% од вредноста на исечено дрво, франко камионски пат, кои ги уплатуваат во корист на Буџетот на Република Македонија. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според Годишна програма што ја донесува Владата на Република Македонија, а нејзината реализација е во надлежност на Министерството. Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" е надлежно да ги врши сите шумско културни работи за зачувување и заштита на шумите во државна сопственост како национално богатство односно наследство, вклучувајќи ги и активностите и работите кои произлегуваат од акцијата за пошумување "Ден на дрвото - засади ја својата иднина".

Во деловните книги на Министерството заклучно со 2013 година, евидентирани се неизмирени обврски кон Јавното претпријатие во вкупен износ од 15.518 илјади денари, од кои 15.410 илјади денари се однесуваат на неплатени фактури по Програмата за проширена репродукција на шумите за 2011 година, а 108 илјади денари се по основ на неплатени тековни фактури од 2013 година. Обврските од 2011 година останале неизмирени поради недоволно планирани и обезбедени финансиски средства.

Според податоците презентирани во "Информацијата за реализација на акцијата за пошумување "Ден на дрвото - засади ја својата иднина, есен 2013 година", вклучувајќи ги и нејзините измени и дополнувања, Јавното претпријатие искажува побарувања од Министерството во вкупен износ од 152.581 илјади денари, од кои 137.171 илјади денари се по основ на акцијата за пошумување за период 2010-2013 година, додека 15.410 илјади денари се по основ на проширена репродукција на шумите за 2011 година. Оваа Информација е доставена до Владата на Република Македонија за понатамошно постапување.

Според податоците кои се презентирани на ревизијата и извршеното интервју, ревизијата утврди дека постои неусогласеност на податоците со кои располагаат Министерството и Јавното претпријатие, при што една од причините за таквата неусогласеност е непризнавањето на настанатите обврски од страна на Министерството и враќање на најголем дел од фактурите кои се однесуваат на акцијата за пошумување за периодот 2011 – 2013 година. Причина за враќање на фактурите од страна на Министерството, е што започнувајќи од 2011 година па наваму во Програмите за проширена репродукција на шумите не се планирани средства за оваа намена.

Од страна на Владата на Република Македонија разгледана е наведената Информација, по што е донесен заклучок, Министерството да ја разгледа можноста да ги плати фактурите кон Јавното претпријатие и за истото во рок од 60 дена да достави информација.

Ревизијата истакнува дека до денот на известување од извршената ревизија, во финансискиот план на Министерството за 2014 година, односно со Програмата за проширена репродукција на шумите за 2014 година, не се предвидени средства за таа намена. Во исто време истакнуваме, дека според податоците од наведената Информација, Јавното претпријатие должи кон Буџетот на Република Македонија средства во износ од 109.203 илјади денари по основ на неуплатени средства за проширена репродукција на шумите.

7.2. На позицијата Други меѓусебни побарувања во деловните книги на крајот на известувачкиот период искажани се побарувања во износ од 1.308.283 илјади денари кои се однесуваат на ненаплатени побарувања од други субјекти по основ на сервисирање на јавен долг односно отплати по кредити земени во претходни години од странски кредитори и тоа во име на:

- Јавно претпријатие “ХС Злетовица“ - Пробиштип за реализација на Проект за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, за главен долг и камата платени се вкупно 1.057.164 илјади денари;
- Јавно претпријатие за водоснабдување “Лисиче“ - Велес за реализација на проектот Брана со придружни објекти, како дел од Хидромелиоративниот систем “Лисиче“, за главен долг и камата платени се вкупно 221.433 илјади денари;
- Единица за спроведување на Програма за наводнување на Јужна Вардарска долина при Владата на Република Македонија[16], за реализација на Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар, за главен долг, камата и административна такса за неповлечените средства од заемот, платени се вкупно 29.686 илјади денари.

Согласно донесените законски акти за задолжување на Република Македонија со кредит кај странски банки и склучените договори за заем[17], уредено е заемите да се отплаќаат од приходите што ќе ги остваруваат јавните претпријатија односно од средствата кои ќе се прибираат од крајните корисници[18] на средствата, а за регулирање на меѓусебните права и обврски е предвидено да се склучат посебни договори помеѓу Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство

[16] Единицата за спроведување на Програмата е основана од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како дел од министерството.

[17] Склучени се договори за заем со странски финансиски институции и Министерството за финансии како претставник во името на Република Македонија.

[18] Крајни корисници на кредитот за проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар ќе бидат водостопанските претпријатија од јужниот регион на Република Македонија.

и водостопанство и крајните корисници на кредитот. Поради неостварување на доволно сопствени приходи и нарушена ликвидност и солвентност на јавните претпријатија во досегашниот период, истите не биле во можност редовно и навремено да ги плаќаат преземените кредитни обврски.

Имајќи ја предвид обврската на Република Македонија за редовно сервисирање на сите обврски по основ на јавен долг, а со оглед на тоа што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно склучените договори за регулирање на меѓусебните права и обврски, е определено да биде извршна агенција за спроведување на проектите, во буџетот на Министерството во изминатиот период биле предвидувани и исплатувани средства за плаќање на пристигнатите ануитети во роковите утврдени со договорите за кредит и истите во деловните книги се искажани како други меѓусебни побарувања. Почнувајќи од 2014 година се предвидува[19], обврските по основ на заемот за финансирање на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, „кои ќе доспеат до 2028 година, да ги плаќа Министерството за финансии со средства од Буџетот на Република Македонија, а исплатените средства да се евидентираат како побарувања на државата од ЈП ХС „Злетовица““.

Ревизијата смета за потребно да укаже на потребата од обезбедување соодветни услови за крајните корисници на средствата од кредитите, да можат самостојно да остваруваат доволно приходи и вршат редовно сервисирање на обврските по ануитетите кои ќе доспеваат за плаќање во наредниот период. Во исто време, имајќи ја предвид моменталната состојба во која се наоѓаат корисниците на средствата од кредитите и висината на искажаните побарувања за досега платените обврски по странски кредити, ревизијата препорачува да се преиспита можноста за капитализирање на истите и запишување на нивната вредност во трговските книги како влог на Република Македонија.

7.3. Во текот на ревизијата од страна на Министерството прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија кои се однесуваат на:

- соодветно сметководствено евидентирање на опремата во износ од 305.775 илјади денари од сметка Станови и деловни објекти на сметка Опрема;
- соодветно сметководствено евидентирање на софтвери со кои располага Министерството во износ од 29.317 од сметка Опрема на сметка Нематеријални средства;

[19] Согласно примен допис број 13-36163/1 од 21.11.2013 година од Министерството за финансии со кој известува за донесен заклучок од страна на Владата на Република Македонија и склучен Анекс кон договорот за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица број 14-1333/2 од 15.01.2014 година.

- соодветно сметководствено евидентирање на сликите и книгите во износ од 6.350 илјади денари од сметка Опрема на сметка Други материјални средства;
- воведување на 8 комби возила кои се сопственост на Министерството во неговата сметководствената евиденција со вкупна сегашна вредност од 9.232;
- пресметување на амортизација за 2013 година во износ од 2.949 илјади денари за градежниот објект во кој е сместено Министерството, при што истиот е ставен во употреба во 2013 година, но поради непоседување на имотен лист, објектот е воведен во Вонбилансната евиденција.

Ревизијата за прифатените корекции обезбеди налог за книжење број 000001 од 19.05.2014 година и истите предизвикаа зголемување за 9.232 илјади денари на состојбата на активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба, а намалување на Вонбилансната евиденција за 2.949 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1.019.918 | 954.827 |
| **Вкупно приходи** | **1.019.918** | **954.827** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 396.051 | 374.747 |
| Стоки и услуги | 142.434 | 115.053 |
| Каматни плаќања | 63.356 | 7.083 |
| Субвенции и трансфери | 11.131 | 10.072 |
| **Вкупно тековни расходи** | **612.972** | **506.955** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 123.425 | 97.125 |
| **Вкупно капитални расходи** | **123.425** | **97.125** |
| **Отплата на главнина** | | |
| Отплата на главнина | 283.521 | 350.747 |
| **Вкупно отплата на главнина** | **283.521** | **350.747** |
| **Вкупно расходи** | **1.019.918** | **954.827** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 40 | 54 |
| Финансиски и пресметковни односи | 1.308.283 | 961.406 |
| Активни временски разграничувања | 76.544 | 113.776 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.384.867** | **1.075.236** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 29.317 | 0 |
| Материјални средства | 83.238 | 138.081 |
| Материјални средства во подготовка | 60.165 | 128.631 |
| **Вкупно постојани средства** | **172.720** | **266.712** |
| **Вкупна актива** | **1.557.587** | **1.341.948** |
| **Вонбиланска актива** | **331.514** | **36.420** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 42.895 | 81.218 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 33.649 | 32.558 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.308.323 | 961.460 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.384.867** | **1.075.236** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 172.720 | 266.712 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **172.720** | **266.712** |
| **Вкупна пасива** | **1.557.587** | **1.341.948** |
| **Вонбиланска пасива** | **331.514** | **36.420** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2013 година** | **266.712** | - | **266.712** |
| **Зголемување по основ на:** | **22.584** | **34** | **22.618** |
| Набавки | 1.206 | 34 | 1.240 |
| Материјални средтсва во подговорвка | 12.146 | - | 12.146 |
| Исправки по ревизија | 9.232 | - | 9.232 |
| **Намалување по основ на:** | **116.576** | **34** | **116.610** |
| Амортизација | 26.732 | - | 26.732 |
| Пренос на материјални средтсва во подговорвка во вонбилансна евиденција | 89.844 | - | 89.844 |
| Дадени залихи во употреба | - | 34 | 34 |
| **Состојба 31.12.2013 година** | **172.720** | - | **172.720** |

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Бр.: 02-6293/3
Дата: 22.08.2014 год.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Сектор за внатрешна ревизија
Ул.: Аминта III, бр. 2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02)3134 477 лок 400
Факс: (02) 3110887
Сајт: www.mzsv.gov.mk

До

Државен завод за ревзиија

Ул. Македонија 12/3, 1000 Скопје

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20 __ год.
Потпис.

**ПРЕДМЕТ: Достава на забелешки на Нацрт извештај**

Врска: Допис број 15-278/9 од 22.07.2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 01.09.2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
15 | 278/10 | |

Почитувани,

Во врска со Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2013 година, за сметките на основен буџет (637 и 631) и буџет на донации (785), Ве известувам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги разгледа презентираните нацрт-наоди и ги дава следниве забелешки и коментари:

- По наод 4.1.1, Министерот отпочна процедура за назначување на овластен сметководител. Исто така во врска со истиот наод од страна на Министерот превземени се мерки во насока на воведување на обрасци согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси[1] во однос на спроведување на процедурите за одобрување и плаќање на фактурите. По однос на истиот наод, од страна на Министерот во постапка е подготвување на овластувања за превземање на

[1]Службен весник на РМ број 147/10, 34/11

финансиски обврски на раководители на сектори, како и на други лица кои вршат авторизација на финансиски документи. Во врска со истиот наод, Министерот достави Известување до сите сектори и управи во рамките на министерството дека при реализација на договори од јавни набавки прифатливи се само фактури со целосна потркрепувачка документација, како и наведен број во фактурата на договорот врз основа на кој се врши работата.

- По наод 4.2.1., одговорните лица во Министерството ги изработуваат подзаконските акти, но нивното донесување ќе зависи директно од динамиката со која работи Владата на Република Македонија.
- По наод 4.2.7., по налог на министерот електронската евиденција на службените мобилни телефони во МЗШВ е ажурирана и ги содржи комплетните податоци согласно упатството. Министерот достави допис до сите сектори и управи во состав на министерството дека потрошените средства над дозволениот лимит на службен мобилен телефон ќе го одобрува само министерот. Исто така, по истиот наод вработените кои користат повеќе од еден службен мобилен телефон, покрената е постапка за исклучување на другиот службен број. По истиот наод, од страна на одговорните лимитот на вработените е променет и усогласен со нивната работна позиција. Сите вработени во министерството

се задолжени од страна на Секторот за човечки ресурси да потпишат Изјава за согласност за одбивање од плата на надминатото, а неодобрено пречекорување на дозволениот лимит.

- По наод 4.3.8. , Министерот ги извести сите вработени дека при користење на службено возило, задолжително е пополнување, парафирање и одобрување на налог за користење на службено возило со наведување на датумот, релацијата и периодот на користење на возилото. Исто така, по истиот наод набавката на горивото ќе се врши со патен налог со претходно одбрување од Министерот.

Со почит,

МИНИСТЕР

м-р Михаил Цветков

Изработил: Андријана Велевска

Контролирал: Малиша Станковиќ

**Прилог 5**

## Одговор
## на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 22.08.2014 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство сметката на основен буџет (637), заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-278/10 од 01.09.2014 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Доставената забелешка на **точката 4.1.1.**, која се однесува на функционирањето на системот на интерни контроли во Министерството **преставува известување** за активностите кои се преземени или ќе бидат преземени во иднина во насока на назначување овластен сметководител, издавање овластувања за преземање на финансиски обврски на лицата кои вршат авторизација на финансиски документи, подобрување на процедурата за одобрување и плаќање на фактурите и слично.

2. Доставената забелешка на **точката 4.2.1.**, која се однесува на непостапувањето согласно одредбите од законската регулатива и отсуството на подзаконски акти кои поблиску ја уредуваат истата **преставува известување** за преземени активност за надминување на утврдените состојби.

3. Доставената забелешка на **точката 4.3.7.**, која се однесува на утврдените неправилности при користење на службени мобилни телефони, воспоставената евиденцијата по тој основ, подмирување на обврските во случај на надминат лимит, задолжување и раздолжување, надзор и одговорност на вработените **преставува известување** за веќе преземени активност за надминување на констатираните состојби.

4. Доставената забелешка на **точката 4.3.8.**, која се однесува на начинот на користење на службени возила, без соодветно пополнување на налози за

возилата, така што ревизијата не беше во можност да ја потврди потребата за извршените набавки за гориво и користењето на возилата исклучиво за службени потреби, **преставува известување** за веќе преземените активности кои се однесуваат на воведување налог за користење на службено возило и набавка на гориво врз основа на налогот со претходно одобрение од страна на министерот.